## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот за микронаводнување (капка по капка и микродождење), со полевање и со фолијарна апликација.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

Редовната и избалансирана исхрана со секундарните макроелементи калциум и магнезиум и со микроелементите железо, цинк, манган, кобалт и бакар е директно поврзана со метаболизмот на растението, со формирањето хлорофил, со фотосинтезата, со подобрата исхранетост на растенијата со други хранливи елементи, како калиум и азот итн. Во интензивното земјоделско производство многу често се случува недостиг на некои од овие хранливи елементи во исхраната на растенијата, поради што се препорачува редовна примена на МИКС 7 во сите фази на раст и развиток на растенијата, а особено на почетокот од вегетацијата и во фазата на цветање и на почетно плодоносење. Примената на ова ѓубриво овозможува подобар раст на растението, подобра исхранетост со другите хранливи елементи, спречување на појава на хлороза и отстранување на физиолошкиот недостиг на калциум (горчливи дамки кај јаболкото, гниење на врвот од плодот кај пиперката и кај доматот и др.), што резултира растенијата правилно да се развиваат, односно да даваат стабилни и квалитетни приноси.
Се препорачува ѓубривото да се аплицира со водата за наводнување или со фолијарна апликација. Кај градинарските и кај полјоделските култури со фолијарна апликација може да се отпочне веднаш штом посевите добијат доволно лисна маса за атсорпција на растворот, додека кај виновата лоза и кај овошните насади се препорачува апликација за време на вегетативниот циклус, меѓутоа непосредно пред бербата пожелно е да не се врши прскање. Најдобар ефект се постигнува со комбинација на микронаводнување и фолијарна апликација.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број апликации | Дозирање l/1000 m$^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Во тек на целата вегетација | 4-5 апликации на 7-10 дена | 4 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |
| Полјоделски култури | Во тек на целата вегетација | 2 апликации | 4 l ѓубриво со најмалку 3000-4000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Рано напролет*, веднаш штом дозволат условите за аплицирање вода и во фазата на пораст на плод-зрно | 4-5 апликации на 7-10 дена | 4 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |

*Во оваа фаза фертиригацијата може да започне доколку дозволуваат условите на терен (сува пролет и обезбедување вода за наводнување).

**Фолијарна апликација**

| Култура | Период на аплицирање | Број апликации | Дозирање ml/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Во тек на целата вегетација | 4 апликации на 10-14 дена | 250 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Полјоделски култури | Во тек на целата вегетација | 1-2 апликации | 200 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | По отворање на пупките и во фазата на пораст на плод-зрно | 4 апликации на 10-14 дена | 250 ml ѓубриво со 100 l вода |

**НАПОМЕНА**
Растворот од МИКС 7 не смее да се меша во ист резервоар со сулфатните и со фосфорните ѓубрива. Може да се употребува поединечно или во комбинација со многу пестициди, меѓутоа неопходно е пред секоја употреба да се прочита упатството на производителот на средствата за заштита.

**СКЛАДИРАЊЕ**
На температура повисока од +10°C.

**РОК НА УПОТРЕБА**
2 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Калциум (Ca) | (0,5 ± 0,1) % |
| Магнезиум (Mg) | (0,25 ± 0,05) % |
| Цинк (Zn) | (0,5 ± 0,1) % |
| Манган (Mn) | (0,5 ± 0,1) % |
| Кобалт (Co) | (0,25 ± 0,05) % |
| Бакар (Cu) | (0,25 ± 0,05) % |
| Железо (Fe) | (0,5 ± 0,1) % |